Палата „Емануел Чучков“
ул. Јордан Мијалков
П.Фах 249
1000 Скопје
Република Македонија
Тел: +389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@dzr.gov.mk
www.dzr.gov.mk

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број:09-201/3

Дата: 22.03.2018

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ (во натамошниот текст СДСМ) на сметката за редовно работење за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност.

Со извршената ревизија за 2016 година, изразивме мислење со резерва како во однос на вистинито и објективно прикажување на финансиските извештаи така и за усогласеноста на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставените политики.

Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на СДСМ на сметката за редовно работење за 2015 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

Со ревизијата беше опфатено и спроведувањето на препораките дадени во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2015 година, при што е утврдено дека една препорака е спроведена, а една не е спроведена.

Со ревизијата на финансиските извештаи за 2016 година, заедно со ревизија на усогласеност ги констатиравме следниве состојби:

- за дел од градежните објекти, наследени од правниот субјект претходник на партијата не е решен сопственичкиот статус поради што истите не се воведени кај надлежната агенција и во сметководствената евиденција на партијата.
- средствата за членарина од секоја општинска организација се уплатуваат директно на трансакциската сметка на партијата, во вкупен износ за сите поединечни уплати.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ги обелоденуваме следниве состојби:

- договор за заемна соработка со Коалицијата, во однос на организацијата и плаќањето на трошоците за транспорт;
- не преземани активности од страна на Министерството за финансии за годишно спроведување обуки на политичките партии за материјално-финансиското работење;
- судски постапки чиј исход ќе има влијание на износот на расходите на партијата и
- прифатените корекции во текот на ревизијата кои имаат влијание на финансиските извештаи.

Ревизијата истакнува постоење на системски слабости и тоа:
- не се пропишани конкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени и во однос на нивното евидентирање;
- присуство на пресметковни сметки во подзаконските акти за непрофитните организации;
- не усогласеност на подзаконските акти и образецот на Годишен финансиски извештај за политичките партии со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии, во делот на изворите на финансирање;
- поконкретно не е регулиран начинот на плаќање, уплата и евидентирање на членарината како извор на финансирање на политичките партии;
- не е усогласено Упатството за распределба на средствата од буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии и
- отсуство на изработени пречистени текстови на закони.

Надлежните органи потребно е да преземат активности за надминување на утврдените системски слабости.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

**Вовед**

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи на страна 14 и 15 заедно со ревизија на усогласеност на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија-СДСМ на сметката за редовно работење, која се состои од биланс на состојба на ден 31 декември, биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и е издаден извештај за финансиските извештаи и за усогласеност со закони и прописи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија на сметката за редовно работење за 2015 година и изразено е мислење со резерва за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, како и за усогласеност на активностите, финансиските трансакции и информации со релевантната законска регулатива, упатствата и воспоставените политики.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај, се одговорност на раководството на партијата застапувано од:

- Зоран Заев, претседател на СДСМ.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива,

упатства и воспоставени политики.
Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски докази за тоа дали приходите и трошоците се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и процена на ризикот од неусогласеност.
Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.

При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека ревизорските докази коишто ги имаме прибавено се достатни и соодветни за да обезбедат основа за нашето ревизорско мислење.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско

известување во Република Македонија и со прифатени и спроведени извесни корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.11.2017 до 15.12.2017 година кај Социјалдемократскиот сојуз на Македонија – СДСМ од тим на Државниот завод за ревизија.

**3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките**

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати и ревизија на спроведување на препораките дадени во конечниот извештај на ОДР за 2015 година. Дадени се две препораки, од кои една е спроведена, а една не е спроведена. Во Прилог 1 дадени се резултатите од извршената ревизија на спроведување на препораките презентирани во конечниот извештај на овластениот државен ревизор за 2015 година.

**4. Наоди и препораки**

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со одговорните лица на партијата, одржан на ден 26.12.2017 година.

Од страна на одговорното лице на субјектот не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор.

Констатирани се следните состојби:

4.1. **Усогласеност со закони и прописи**

4.1.1. Во конечните извештаи на Овластениот државен ревизор за финансиските извештаи на СДСМ за 2014 и 2015 година констатирано е дека партијата располага со градежни објекти, кои ги наследила од правниот субјект нејзин претходник, за кои СДСМ не располага со документи за утврдување на сопственоста на објектите и нивно воведување кај надлежната агенција и во сметководствената евиденција на партијата.
Од извршениот увид на приложената документација, утврдивме дека состојбата и во 2016 година не е променета, односно за дел од градежните објекти се уште не е обезбеден документ за сопственост, заради усогласување на евиденцијата во деловните книги со одредбите на Законот за сметководство на непрофитните организации и Закон за сопственост и други стварни права.

**Препорака:**
Одговорното лице во СДСМ да обезбеди соодветни документи кои би претставувале основа за решавање на сопственичкиот статус на објектите со цел нивно воведување кај надлежниот орган и во сметководствената евиденција на партијата.

4.1.2. Во членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, утврдени се приватните извори на финансирање на политичките партии меѓу кои е наведена и членарината. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на политичката партија го плаќа годишно согласно со актите на партијата. Согласно член 14 од Законот за финансирање на политичките партии, износот на членарината за период од една година на секој член поединечно не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во Републиката во претходната година, што ја објавува Државниот завод за статистика. Во СДСМ начинот и висината на плаќање на членарината се регулирани со интерни акти[1] согласно кои претседателите на општинските организации на СДСМ имаат обврска да се грижат за уредно прибирање на членарината, висината на истата и задолжително да го известат одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ доколку некој од члeновите уплати износ повисок од законски предвидениот. Прибраните средства од членарини во вкупен износ се уплатуваат на трансакциската сметка на партијата од лица именувани од страна на одговорното лице за материјално финансиско работење на СДСМ. Од лицето одговорно за материјално финансиско работење на СДСМ, доставено е известување бр.03-92/2 од 20.03.2017 година дека во текот на 2016 година, до него не се пристигнати известувања од претседатели на ниту една општинска организација дека некој од членовите извршил уплата на членарина на износ повисок од една просечна плата исплатена во Република Македонија за 2015 година.

Ревизијата утврди дека во 2016 година, средствата за месечната членарина од секоја општинска организација, се уплатуваат директно на трансакциската сметка на партијата, во вкупен износ за сите поединечни уплати.

Утврдениот начин на прибирање, уплата и известување за приходите по основ на членарина во СДСМ не обезбедува целосен увид во поединечно уплатените средства согласно законски утврдениот лимит, по наведениот основ.

---

[1] Правилник за плаќање на членарина бр.0202-60/1од 02.04.2012 година;
Одлука за измени и дополнување на Правилник за плаќање на членарина бр.0202-175/1 од 04.03.2014 година;
Решение бр.0205-248 од 21.02.2014 година.

**Препорака:**
Одговорното лице на партијата да преземе активности за допрецизирање на начинот на прибирање, уплата и известување за поединечните уплатените средства по основ од членарина.

**Основ за изразување на мислење**

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.1.1. и 4.1.2. кои се однесуваат на нерешен сопственички статус на дел од градежните објекти наследени од правниот субјект претходник на партијата како и уплатата на членарината на трансакциската сметка, имаат влијание врз издаденото мислење од страна на ревизијата.

## 5. Ревизорско мислење

**Мислење за финансиски извештаи**

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точките 4.1.1 и 4.1.2, финансиските извештаи ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија на ден 31 декември 2016 година како и резултатите на финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

**Мислење за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, освен за можните ефекти на прашањата изнесени во точките 4.1.1 и 4.1.2, активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Склучен е Договор за заемна соработка број 03-148/1 од 24.11.2016 година меѓу СДСМ и Коалицијата за предвремени парламентарни избори 2016 предводена од СДСМ, во кој согласно член 2, СДСМ се обврзува да учествува во организацијата и плаќањето на трошоците за превоз на учесниците и евентуални други трошоци за централниот митинг на Коалицијата, одржан во Скопје на ден 04.12.2016 година. Согласно член 3 од договорот, СДСМ се обврзува најдоцна седум дена пред затварање на трансакциската сметка на Коалицијата, да достави спецификација на платени фактури, со прилог фотокопии на фактурите и банкови изводи за извршени плаќања, по што Коалицијата најдоцна до денот на затварање на сметката треба да ги надомести сите

трошоци кои СДСМ ги платил во име и за сметка на Коалицијата. Постапувајќи по договорот, до Коалицијата доставена е спецификација број 03-90/1 од 20.03.2017 година во која се наведени добавувачите, фактурите, во вкупен износ од 7.152 илјади денари, кој СДСМ го платил во име и за сметка на Коалицијата. Овие средства од страна на Коалицијата сукцесивно се уплатени во целост на сметката на СДСМ во месец март 2017 година.

Од страна на одговорните лица на партијата бевме информирани дека ваквиот начин на преземање на обврските од страна на носителот на Коалицијата, а во име на Коалицијата е поради несигурноста на превозниците дека нивните побарувања ќе бидат навремено исплатени од страна на учесникот во изборната кампања, со оглед на тоа дека согласно Изборниот законик, учесниците во изборната кампања се правни субјекти кои функционираат одреден период и постои можност од затворање на изборната трансакциска сметка без да бидат исплатени сите обврски.

6.2. За обезбедување на финансиски средства за редовното работење на партијата, СДСМ обезбедува парични средства од кредити според рамковен револвинг кредит со деловна банка, склучен во 2011 година. Согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии[2], изворите од кредити не се предвидени како приватни извори на финансирање, но истите предвидени се како сметки и позиции за обезбедување други приходи во Правилникот за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[3], Правилникот за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[4] и Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на Годишниот финансиски извештај за политичките партии [5].
По основ на поединечни договори за кредити, во 2016 година во сметководствената евиденција, прикажани состојби на Краткорочни обврски во износ од 1.576 илјади денари, Долгорочни обврски во износ од 43.028 илјади денари и трошоци за плаќање на камати и кредити во износ од 16.765 илјади денари.

6.3. Согласно член 27 од Законот за финансирање на политичките партии, Министерството за финансии најмалку еднаш годишно спроведува обуки на политичките партии за материјално-финансиското работење и начинот на

[2] Приватни извори на финансирање на политичките партии се:
- членарина,
- донации, подароци, прилози, дотации, спонзорства (во натамошниот текст: донации),
- легати,
- продажба на промотивен и пропаганден материјал и
- сопствени приходи согласно со овој закон.

[3] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005, 11/2006;
[4] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005;
[5] „Службен весник на Република Македонија„ број 21/2013;

пополнување на финансискиот извештај. Според изјавата на раководителот на службата за општи, правни и кадровски работи во СДСМ, од страна на Министерството, не се спроведени обуки во 2016 година.
Ревизијата смета дека спроведување на годишни обуки на партиите би имало позитивни ефекти во делот на материјално-финансиското работење на истите.

6.4. Пред надлежните судови на Република Македонија, СДСМ е тужена странка во 27 постапки по основ на неплатени фактури во износ од 7.299 илјади денари. Исходот од постапките може да има влијание на износот на расходите на партијата.

6.5. Во текот на ревизијата од страна на СДСМ прифатени се и спроведени се корекции дадени од страна на ревизијата, кои предизвикаа промени во активата и пасивата во финансискиот извештај - Биланс на состојба во вкупен износ од 42.303 илјади денари, спроведени во налозите за книжење број 15/0001 15/0002, 01/0001 и 4/0004 од 12.12.2017 година. Спроведените корекции на секоја позиција одделно прикажани се во делот Образложенија кон финансиските извештаи.

## 7. Останати прашања

7.1. Согласно член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации[6] признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции, што значи дека приходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале според критериумот на мерливост и расположливост.
Согласно наведениот член, приходите се мерливи кога можат да се искажат вредносно и постапувањето при евидентирањето на истите кај политичките партии е еднообразно, додека под критериумот расположливост на приходите во пресметковниот период се подразбира дека приходите се расположливи кога се остварени во пресметковниот период или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов приходите да се однесуваат на пресметковниот период и да служат за покритие на обврските од тој пресметковен период.
Исто така во однос на расходите е регулирано дека расходите се признаваат во пресметковниот период во којшто настанале или во рок од 30 дена по истекот на пресметковниот период, под услов обврската за плаќање да настанала во тој пресметковен период.
Примената на критериумот расположливост на приходите, како и признавањето на расходите, во пракса создава потешкотии при сметководственото евидентирање на трансакциите во деловните книги на

[6] „Службен весник на Република Македонија" број 24/2003, 17/2011 и 154/15

партиите, како и разновидност во постапувањето при евидентирањето на истите.

Ревизијата смета дека надлежните органи потребно е да донесат поконкретни насоки за постапувањето во однос на признавањето на приходите и расходите според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени односно трансакции, како и во однос на нивното евидентирање или да се преземат мерки за законско доуредување.

7.2. Согласно дел IV Признавање на приходите и расходите, во член 13 од Законот за сметководството за непрофитните организации, наведено е дека признавањето на приходите и расходите на непрофитните организации се спроведува според сметководствено начело на модифицирано настанување на деловните промени, без притоа да се наведе што подразбира поимот вкупни приходи односно дали приходите ги опфаќаат само наплатените приходи остварени по видови и извори, имајќи во предвид дека политичките партии, покрај останатите извори се финансираат и од донации, подароци, прилози, материјални средства, опрема утврдени во член 27 од Законот за финансирање на политичките партии кои не секогаш предизвикуваат приливи во парични средства.

Ревизијата смета дека е потребно да се изврши усогласување односно допрецизирање на регулативата, заради воедначено искажување на сите извори на финансирање на политичките партии во финансиските извештаи.

7.3. Со одредбите на член 23 став 3 од Законот за финансирање на политичките партии е уредено, политичките партии сметководството да го водат според одредбите на Законот за сметководство за непрофитните организации. Во член 13 од Законот за сметководство за непрофитните организации и член 18 од Правилникот за сметководство за непрофитните организации[7] уреден е начинот на признавање на приходите и расходите на непрофитните организации, кои упатуваат на примена на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции“. Врз основа на наведените закони, донесени се подзаконски акти за унифицирано воспоставување на сметководствената евиденција кај непрофитните организации и билансни обрасци:

- Правилник за сметковниот план и билансите на непрофитните организации[8] и
- Правилник за содржината на одделни сметки во сметковниот план на непрофитните организации[9] .

Со извршениот увид во наведените акти ревизијата констатира дека се пропишани сметки и позиции кои не бараат одлив на парични средства односно истите претставуваат пресметковни позиции и нивното признавање се темели на сметководственото начело на „пресметковна основа”.

[7] „Службен весник на Република Македонија„ број 24/2003, 8/2009, 12/2009 и 175/2011;
[8] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005, 11/2006;
[9] „Службен весник на Република Македонија„ број 117/2005;

За надминување на утврдената состојба, надлежното министерство потребно е да преземе активности за изменување и дополнување на наведените подзаконски акти, со кои ќе се обезбеди доследно почитување на сметководственото начело на „модифицирано настанување на деловните промени, односно трансакции “.

7.4. Согласно член 13 од Законот за финансирање на политичките партии, утврдени се приватните извори од кои може да се врши финансирање на политичките партии. Истовремено, во Правилникот за образецот, формата, содржината и начинот на водење на Годишниот финансиски извештај за политичките партии („Службен весник на Република Македонија„ број 21/2013), во точка 39 од пропишаниот образец на Годишниот финансиски извештај предвидена е позиција за расходи за камати на кредити и заеми, кои како извор на финансирање на политичките партии не е предвиден во горенаведениот закон.
Ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да преземат активности за усогласување на подзаконските акти со изворите на финансирање на партиите предвидени со важечката законска регулатива.

7.5. Согласно членот 13 од Законот за финансирање на политичките партии, членарината е предвидена како дел од приватни извори на финансирање на политичките партии. Членарината претставува редовен износ на средства кој членот на партијата го плаќа годишно согласно со актите на партијата, кој износ поединечно по член, согласно член 14 од истиот закон, за период од една година не смее да биде повисок од една просечна исплатена нето плата во РМ објавена од Државниот завод за Статистика. Приходите од членарина кај дел од партиите, се регулирани со интерни акти каде се пропишани висината на членарината, начинот на плаќање и уплата, како и начинот на нивното евидентирање, кои се разликуваат кај одделните партии.
Заради воедначено постапување кај сите политички субјекти, ревизијата смета дека е потребно надлежните органи да донесат поконкретни насоки за регулирање на начинот на плаќање, уплата, евидентирање, со цел еднообразност во начинот на нивното сметководствено евидентирање и потврдување на законски утврдениот лимит за секој член одделно.

7.6. Начинот, условите и постапката за основање, регистрирање и престанок на политичките партии се уредени со одредбите во Законот за политичките партии[10] вклучувајќи ги и одлуките донесени од Уставниот суд на Република Македонија со кои се врши поништување, односно укинување на одредени одредби на наведениот закон објавени во „Службен весник на Република Македонија” број 57/2007 и 60/2007. Начинот и постапката на обезбедување на финансиските средства, располагањето со средствата за тековната работа и дејствувањето на политичката партија, како и начинот на контрола на

[10] „Службен весник на Република Македонија„ број 76/2004, 5/2007, 8/2007, 5/2008 и 23/2013

финансирањето и финансиско-материјалното работење на политичките партии е уреден со Законот за финансирање на политичките партии[11], вклучувајќи ја и одлуката донесена од Уставниот суд на Република Македонија со која се врши укинување на одредени одредби на наведениот закон („Службен весник на Република Македонија" број 36/2006). Со извршениот увид во наведените законски акти ревизијата констатира дека до периодот на известување од извршената ревизија не постојат пречистени текстови на наведените законски акти и покрај тоа што Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија е овластена да утврди пречистен текст на наведените закони.

Собранието на Република Македонија потребно е да ја задолжи Законодавно - правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на горенаведените законски акти.

7.7. Согласно член 8, 9 и 10 од Законот за финансирање на политички партии утврден е начинот на редовно годишно финансирање од Буџетот на РМ. Средствата во утврдениот износ, почнувајќи од 2011 година за секоја фискална година се планираат во разделот на Министерството за правда. За трансферот на средствата Министерството за правда изработува поединечни Решенија кои ги доставува до политичките партии.

За потребите на годишното финансирање на политичките партии, донесено е Упатство[12] со кое како надлежен одговорен орган за пресметка и распределба на средствата е утврдено Министерството за финансии. Упатството не е усогласено со одредбите од Законот за финансирање на политичките партии во кој со измените од 2011 година како надлежен орган за планирање, пресметка, носење решение и трансфер на средствата за годишно финансирање на политичките партии е Министерството за правда.

Горенаведеното укажува дека има потреба надлежните органи да извршат усогласување на Упатството како подзаконски акт со Законот за финансирање на политичките партии со цел попрецизно регулирање на начинот на финансирање на политичките партии од Буџетот на РМ.

---

[11] „Службен весник на Република Македонија" број 76/2004, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012, 23/2013

[12] Упатство за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија„ број 59/05, 73/07, 52/10 и Одлука на Уставен суд У.бр.16/2011 од 21.09.2011 година објавена во „Службен весник на Република Македонија„ број 132/2011)

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2016 ГОДИНА**

| | | | во 000 Ден. |
|---|---|---|---|
| **Опис на позицијата** | **Образложение** | **2016** | **2015** |
| **Приходи** | | | |
| Приходи од членарини,подароци, донации и приходи од други извори | 3.1.1. | 44.169 | 40.536 |
| Приходи од кирии и закупнини | 3.1.2. | 600 | 1.781 |
| Други приходи | 3.1.3. | 30.750 | 0 |
| Пренесен дел од вишок на приходи од претходна година | 3.1.4. | 490 | 46 |
| Вонредни приходи | 3.1.5. | 65 | 0 |
| **Вкупно приходи** | | **76.074** | **42.363** |
| **Расходи** | | | |
| Расходи, материјални расходи, услуги и амортизација | 3.2.1. | 22.828 | 8.912 |
| Други расходи | 3.2.2. | 17.646 | 23.834 |
| Пренесени средства | 3.2.3. | 25.092 | 172 |
| Капитални и други средства | 3.2.4. | 600 | 186 |
| Помошти донации и други давачки | | | 10 |
| Плати и надомест на плати | 3.2.5. | 9.380 | 8.547 |
| Даноци и придонеси кои не зависат од резултатот | 3.2.6. | 376 | 384 |
| **Вкупно расходи** | | **75.922** | **42.045** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **152** | **318** |

Образложенијата се составен дел на финансискиот извештај

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2016 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2016 | 2015 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Парични средства, краткорочни побарувања и АВР** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 679 | 490 |
| Купувачи | 4.1.2. | 7.534 | 388 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.3. | 57.596 | 41.371 |
| **Вкупно тековни средства** | | **65.809** | **42.249** |
| | | | |
| **Постојани средства** | | | |
| Материјални средства | 4.2.1. | 112.800 | 111.882 |
| **Вкупно капитални средства** | | **112.800** | **111.882** |
| | | | |
| **Вкупна актива** | | **178.609** | **154.131** |
| | | | |
| **Пасива** | | | |
| **Краткорочни обврски и ПВР** | | | |
| Добавувачи | 4.3.1. | 12.984 | 15.111 |
| Обврски спрема државата и други институции за даноци и придонеси и други обврски | 4.3.2. | 8 | 26 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.3.3. | 2.103 | 2.920 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.3.4. | 7.686 | 878 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **22.781** | **18.935** |
| | | | |
| **Долгорочни обврски** | 4.4. | 43.028 | 23.314 |
| | | | |
| **Извори на деловни средства** | | | |
| Деловен фонд | 4.5.1. | 112.800 | 111.882 |
| **Вкупно извори на капитални средства** | | **112.800** | **111.882** |
| | | | |
| **Вкупна пасива** | | **178.609** | **154.131** |

Образложенијата се составен дел на финансискиот извештај

ПРЕГЛЕД
НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИТЕ НА КАПИТАЛНИ СРЕДСТВА ЗА 2016 ГОДИНА

во 000 ден.

| **О П И С** | **Деловен фонд** | **Останат капитал (залихите на материјалите, резервните делови и ситниот инвентар и хартии од вредност)** | **Вкупно** |
|---|---|---|---|
| **Состојба 01.01.2016 година** | **111.882** | - | **111.882** |
| | | | |
| **Зголемување по основ на:** | **3.823** | **139** | **3.962** |
| Набавки | 3.823 | 139 | **3.962** |
| Инвестиции во тек-градежни објекти | - | | - |
| Ревалоризација на капитални средства | - | | - |
| | | | |
| **Намалување по основ на:** | **2.905** | **139** | **3.044** |
| Отпис на капитални средства | 7 | - | **7** |
| Ревалоризација на отпишани капитални средства | - | | - |
| Амортизација | 2.898 | 139 | **3.037** |
| | | | |
| **Состојба 31.12.2016 година** | **112.800** | - | **112.800** |

Образложенијата се составен дел на финансискиот извештај